РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- Г Р А Д О Н А Ч А Л Н И К -
Бр. 0901-220
20.05. 2026 год.

Општина Свети Николе, врз основа Правилник за доделување на парични награди за постигнати успеси и резултати учениците и нивните ментори од општинските основни и средни училишта во Општина Свети Николе, како и за наградување на ученици таленти – жители на Општина Свети Николе, објавува:

# Ј А В Е Н   П О В И К

## за доделување парични награди за постигнати успеси на ученици од подкатегорија 1.3 и Категорија 2 – ученици таленти за учебната 2025/2026 година

**I. Право на поднесување лично барање имаат:**

1. Ученици – жители на Општина Свети Николе

кои во учебната година оствариле успех (место или награда) на државен, олимписки или меѓународен натпревар, а:

- учат во училишта надвор од територијата на Општина Свети Николе (подкатегорија 1.3 од Правилникот);

2. Ученици таленти – жители на Општина Свети Николе

кои во текот на учебната година оствариле резултати во областа на:

- спорт и спортски активности;
- уметност и уметнички активности,

на државни или меѓународни натпревари (Категорија 2 – ученици таленти од Правилникот).

**II. НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ**

Барањата се поднесуваат ЛИЧНО, со целокупната документација:
Во Канцеларија за едношалтерско работење Општина Свети Николе.

**III. РОК**

**Краен рок за поднесување:**
15 јуни 2026 година
Барањата доставени по истекот на рокот **нема да бидат разгледувани**.

**IV. ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Подносителите се должни да доставаат документација согласно **член 5 став (2)** од Правилникот, вклучително:

- лични податоци,
- доказ за освоен резултат,

- Опис на постигнатиот успех,
- официјална ранг-листа,
- доказ за жителство,
- доказ за уплатена административна такса.

Некомплетни барања нема да бидат предмет на разгледување.

**V. ОБРАСЦИ**

Обрасците и потребните изјави за пријавување се:

- достапни на веб-страницата на Општина Свети Николе **www.svetinikole.gov.mk** и
- во **Канцеларија за едношалтерско работење Општина Свети Николе.**

**VI. ИНФОРМИРАЊЕ**

Јавниот повик ќе биде:

- објавен на веб-страницата на Општина Свети Николе;
- доставен до локалните медиуми;
- истакнат на огласната табла на Општината.

Градоначалник на
Општина Свети Николе

Дејан Владев